Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

18-1441/2 22-05-2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот "Смисла Солутионс-Скопје", ул. Тодор Александров бр. 4 Скопје поднесено на 15.05.2026 година по електронска пат, имателот на информацијата Министерството за локална самоуправа, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од "Смисла Солутионс-Скопје" **се уважува.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Министерството за локална самоуправа од страна на"Смисла Солутионс-Скопје" е доставено Барање во електронска форма. Со барањето се побарани следните информации:

1. Дали Министерството за локална самоуправа до Министерството за финансии има доставено барања, налози или друга документација за исплата на средства по Одлуката за избор на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година.
2. Доколку се доставени барања или налози за исплата:
   -на кој датум се доставени,
   -за кои корисници/проекти се однесуваат,
   -во кој износ,

3. Дали по истите барања или налози се извршени исплата на средства,

4.Доколку се извршени исплати на средства:

-на кои корисници,
-во кој износ,
-на кој датум е извршена исплатата.

Министерството за локална самоуправа го разгледа Барањето во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 60/20). Барањето информации од јавен карактер е доставено во електронска форма и согласно член 15 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер истото се смета за писмено барање од член 14 на истиот закон.

Министерството за локална самоуправа ви ги доставува бараните иунформации:

1. Министерството за локална самоуправа до Министерството за финансии нема доставено барања, налози или друга документација за исплата на средства по Одлуката за избор на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година.
2. Второто прашање е во тесна корелација со првото.
   Од страна на Министерството за локална самоуправа не се доставени барања или налози за исплата за ниту еден потенцијален корисник на средства.
3. Во оваа фаза не е извршена исплата на средства од страна на Министерството за локална самоуправа на ниту еден корисник.
   Министерството за локална самоуправа исплатата на средствата за реализација на проектите од Одлука за избор на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, ја врши откако проектот ќе биде целосно

реализиран, врз основа на приложена комплетна документација за реализација на проектот од страна на корисникот на средствата.

Во оваа фаза корисниците на средства отвараат наменски сметки на кои што ќе бидат исплатени средствата од Министерството за локална самоуправа, по целосната реализација на проектот, врз основа на релевантна документација, доставена од страна на корисниците.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

МИНИСТЕР
М-р Златко Перински

Службено лице:
М-р Ели Чакар

Одобрил:
Државен секретар
М-р Јулијана Павковска Боцевска